OHRIDSKA BANKA

Врз основа на член 38, став 1, точка 5 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седницата одржана на 30.6.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за употреба и распредување на добивката**
**на Охридска банка АД Скопје остварена со Годишната сметка за 2019 година**

Член 1

Нето-добивката остварена според Годишната сметка на Охридска банка АД Скопје за 2019 година во износ од 238.542.996 денари се распоредува за:

1. Задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка 238.542.996 денари

Член 2

Износот на нето-добивката од 238.542.996 денари што се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка, служи за развојни цели односно за вложувања во материјални и во нематеријални средства за проширување на дејноста и нема да биде расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина.

Член 3

Образложението кон оваа Одлука е составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**СО бр. 0201-32457/7-2**
**30.6.2020 г.**
**Скопје**

**Собрание на Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

кон Одлуката за употреба и распредување на добивката
на Охридска банка АД остварена со Годишната сметка за 2019 година

Врз основа на член 86 од Законот за банките, член 483 од Законот за трговските друштва и на член 38, став 1, точка 5 од Статутот на Банката, Охридска банка АД Скопје на своето годишно собрание одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка.

Во 2019 година Банката оствари нето-добивка во износ од 238.542.996 денари и таа се распределува како задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка. Член 485 од ЗТД предвидува издвојување 5 % од остварената нето-добивка според Годишната сметка за задолжителни општи резерви сè до исполнување на законскиот ценз од една десетина од основната главнина. Вкупните резерви на Банката изнесуваат 136.832.750 денари, односно исполнет е законскиот ценз од една десетина од основната главнина.

Нето-добивката во износ од 238.542.996 денари што се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка, служи за развојни цели, односно за вложувања во материјални и во нематеријални средства за проширување на дејноста и нема да биде расположлива за исплата на дивиденда на акционерите. Со издвојувањето на дел од добивката во задржана добивка за инвестициско вложување Банката може да го користи даночното ослободување пропишано со Законот за данок на добивка со изготвување на даночниот биланс за деловната 2020 година, односно да го користи правото на намалување на даночната основа за износот на извршените инвестициски вложувања и на утврдување помал данок на добивка. Со оглед на тоа што износот предвиден за известициски вожувања нема да биде расположлив за исплата на дивиденда, тој ќе биде вклучен и во пресметките на Основниот капитал на Банката во согласност со Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Сл. весник на РМ“ бр. 218/16, точка 13.5 и точка 15).

Имајќи го во вид изнесеното, се предлага Одлуката да биде усвоена со предложениот текст.